ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
**ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА)** **0800 33 222**
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Дата: 18.09.2013

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

## Одржана работна средба на директорот на ФЗОМ со здружението на граѓани на хронична миелоидна леукемија ХМЛ

Фондот за здравствено осигурување продолжува со соработката и подршката на активностите на здруженијата на граѓани (пациенти) во Македонија и во таа насока директорот на ФЗОМ м-р Маја Парнарџиева Змејкова и нејзиниот тим одржа работна средба со г. Пепо Леви, Претседател на здружението ХМЛ. Тема на разговор на оваа редовна средба беше да се утврди во колкав обем се исполнети заклучоците од претходните средби во ФЗОМ, односно колкав е напредокот на реализација на активностите на здружението.





Воедно на средбата се дискутираше за статусот на пациентите со хроничнамиелоидна леукемија - ХМЛ во Македонија, за можноста за нивно лекување како и за медикаментозната терапија која им е достапна. Претседателот на здружението ги потенцираше модалитетите во терапијата во европските земји и укажа на предизвиците со кои истите се соочуваат во Македонија, но и во соседните земји како на пример во Бугарија и Србија. Исто така се потенцираа новитетите во лекувањето на хронична миелоидна леукемија како и статусот на лекови Р. Македонија во однос на достапноста на истите.

Директната соработка на Фондот со здруженијата на граѓани придонесува да се стекне еден непосреден и реален увид во тоа како најпрагматично и најефикасно би можело да се унапреди квалитетот на здравствени услуги согласно модерните светски трендови во нашите здравствени установи.

Со почит,

ФЗОМ